PRVA    КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД СКОПЈЕ

# ДОКУМЕНТ СО КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ

**Намена:** Овој документ содржи клучни информации за осигурителен производ за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик и има за цел да ви помогне во разбирање на природата, ризиците, трошоците, можните добивки и загуби на овој производ и да ви помогне да го споредите со други производи. Овој документ не претставува промотивен (рекламен) материјал.

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**1.** Име на осигурителниот производ: **ПРВА инвестиција**, Назив на инвестициски фонд о**.и.ф. КБ Публикум – Балансиран**, Идентификациски број на инвестициски фонд: **9120000000149**

2. Осигурител: **Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје**, ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.6 кат 2, 1000 Скопје, РС Македонија Тел: +389 23122980 (08:00h – 16:00h секој работен ден) и е-пошта: info@prvazivot.mk Интернет страна: www.prvazivot.mk.

3. Надлежен орган за супервизија: **Агенција за супервизија на осигурување**, ул.Македонија бр.25, Палата „Лазар Поп Трајков", кат 5, 1000 Скопје, РС Македонија е-пошта: contact@aso.mk , Интернет страна: www.aso.mk Тел: +389 (0)2 3254050, (08:00h – 16:00h секој работен ден);

4. Датум на ажурирање на документот: **04.04.2024**

## II. ОПИС НА КЛУЧНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОИЗВОДОТ

**1. Опис на осигурувањето**

Производот ПРВА инвестиција е осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик со осигурување во случај на смрт. Осигурувањето има неограничено времетраење и е без датум на доспевање. Осигурувањето може да се договори со повеќекратна или еднократна уплата на премија. Премијата се дели на премија за вложување и премија за ризико осигурување која се наплаќа од вредноста на инвестициското портфолио на клиентот. Осигурувањето има гарантирана осигурена сума за случај на смрт во износ од 110% од износот на годишна премија во случај на повеќекратна уплата на премија или 110% од еднократната премија за осигурувањето во случај на еднократна уплата на премија.

**2. Цели и начин на остварување на тие цели**

Производот ПРВА инвестиција има две цели: (i) да обезбеди животно осигурување во случај на смрт на осигуреникот и (ii) зголемување на Вашите средства со инвестирање во вашата иднина.

О.и.ф. КБ Публикум – Балансиран по својата структура и карактеристики претставува спој на вложувања во акции (издадени од издавачи од Република Македонија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина, Украина, Руската Федерација, Бразил, Индија и Кина) и должнички хартии од вредност (издадени од издавачи од Република Македонија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија и Босна и Херцеговина, земји членки на Европската Унија и OECD) депозити кај овластени банки од Република Македонија и други инструменти, со што се обезбедува адекватна комбинација на раст на приноси и сигурност на инвестицијата. Одлуката за вложување ја донесува искусен и професионален тим на Фондот КБ Публикум – Балансиран врз основа на фундаментални и технички анализи како и проценка на идните приходи и парични текови на одбраните фирми. Детали за хартиите од вредност во кои се вложува може да се најдат во проспектот на КБ Публикум – Балансиран.

Вредноста на инвестициското портфолио не е гарантирана и исплатата по откуп/раскинување на осигурувањето зависи од вредноста на уделите (единиците на инвестицискиот фонд) на датумот предвиден во условите. Со ова осигурување на живот договорувачот презема инвестициски ризик, кој е поврзан со промената на вредноста на инвестициските удели. Со зголемување на цената на уделите на инвестицискиот фонд, се зголемува и вредноста на инвестициското портфолио вложено во име на Договорувачот, а со намалување на цената на уделите на инвестицискиот фонд, се намалува и вредноста на инвестициското портфолио вложено во име на Договорувачот. Бројот на удели кој што се вложува во инвестицискиот фонд во име на Договорувачот зависи од цената на уделите на датумот на купувањето.

**3. Таргет група**

Производот ПРВА инвестиција е наменет за лица кои сакаат да имаат животно осигурување во случај на смрт и воедно сакаат да инвестираат во инвестициски фонд со среден ризик. Фондот е наменет е за инвеститори кои сакаат да ја искористат можноста за остварување повисок принос преку делот инвестиран во акции, но истовремено и да обезбедат стабилност и сигурност на вложените средства во фондот преку вложувањата во обврзници. Инвеститорите не е потребно да имаат искуство во инвестирање во отворени инвестициски фондови, но е пожелно да имаат основни теоретски познавања за работењето на финансиските пазари, соодветни информации за својствата и ризиците на овој производ и кои имаат поголема толеранција на ризик.

Овој производ е со неограничено времетраење и имате можност сами да го изберете периодот на траење на осигурувањето, но треба да се има предвид дека согласно проспектот на фондот КБ Публикум – Балансиран, истиот е првенствено наменет за инвеститори кои сакаат да ги вложат своите средства на среден или долг рок, односно за период над 2 години. Овој производ е погоден за осигуреници кои на датумот на склучување на полисата имаат помеѓу 14 и 70 години.

**4. Користи и трошоци од осигурителниот производ**

Најголема придобивка од овој производ е неговата флексибилност, односно нема ограничување колку години мора да трае осигурувањето. Во случај на смрт на осигуреникот друштвото за осигурување се обврзува да му ја исплати на корисникот осигурената сума во случај на смрт или вредноста на инвестициското портфолио на датумот на настанување на смрт на осигуреникот, ако таа ја надминува сумата на осигурување во случај на смрт. Приносот кој се остварува од вложување зависи од промената на цената на уделот, која се менува секој ден. Вредност на приносот не може однапред да се утврди и зависи од ризиците опишани во точка III од овој документ.

**5. Кои се ризиците и што може да добијам за возврат?**

Подолу е даден пример на очекувани придобивки на износи на годишни приноси. Имајте предвид дека се работи за пресметки од информативен карактер кои не се правно обврзувачки за Осигурителот. Исто така, ако сакате подетална пресметка со други износи или рокови, обратете се до Осигурителот или до неговиот застапник. Ризиците се подетално објаснети во Глава III од овој документ.

Резултатите од следниот пример се поврзани со осигурување за осигуреник машко лице со возраст од 40 години, годишна премија од 1.000 ЕУР, осигурена сума за случај на смрт 1.100 ЕУР, прекин на осигурувањето по поминати и платени 25 години од почетокот на осигурувањето, со 25 годишни плаќања. Износот на премијата за осигурување се наплаќа секој месец се додека вредноста на инвестициското портфолио не ја постигне вредноста на осигурената сума за смрт која е 110% од годишната премија и изнесува≈2,80 евра вкупно за очекуван годишен принос 5,15%.

| Вложени средства | Очекувана вредност на инвестициското портфолио на осигуреникот по истек на 25 години со: | | |
|---|---|---|---|
| | очекуван годишен принос 5,15% | очекуван годишен принос 0% | очекуван годишен принос -2% |
| 25.000 ЕУР | 43.617,85 ЕУР | 22.029,78 ЕУР | 17.445,92 ЕУР |

Резултатите од следниот пример се поврзани со осигурување за осигуреник машко лице со возраст од 40 години, еднократна премија од 10.000 ЕУР, осигурена сума за случај на смрт 11.000 ЕУР, прекин на осигурувањето по поминати и платени 25 години од почетокот на осигурувањето. Износот на премијата за осигурување се наплаќа секој месец се додека вредноста на инвестициското портфолио не ја постигне вредноста на осигурената сума за смрт која е 110% од еднократната премија и изнесува ≈5,99 евра вкупно за очекуван годишен принос 5,15%.

| Вложени средства | Очекувана вредност на инвестициското портфолио на осигуреникот по истек на 25 години со: | | |
|---|---|---|---|
| | очекуван годишен принос 5,15% | очекуван годишен принос 0% | очекуван годишен принос -2% |
| 10.000 ЕУР | 31.702,06 ЕУР | 8.166,69 ЕУР | 4.278,09 ЕУР |

**6. Краен рок на покритие**
Датумот на крајниот рок на покритие не е определен во полисата и покритието (и осигурувањето) престанува со смрт на осигуреникот, поради откуп на полисата или раскин на договорот за осигурување од страна на осигурителот заради неплаќање на премијата, или поради стечај на друштвото што управува со инвестициските фондови, а согласно со условите за осигурување. Осигурителното покритие во случај на смрт престанува кога осигуреникот ќе наполни 80 години. Друштвото за осигурување може да се откаже од договорот во рок од три месеци од моментот кога ќе дознае дека договорувачот или осигуреникот лажно пријавил или молчел за околност од таква природа што осигурителната компанија не би го склучила договорот доколку ја знаела вистинската состојба. Полисата не може да биде прекината автоматски.

## III. КОИ СЕ РИЗИЦИТЕ И ОЧЕКУВАЊАТА ОД ПРОИЗВОДОТ?

**Показатели на ризик**
Осигурувањето на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик со осигурување во случај на смрт е изложено на ризици. Профилот на ризичност зависи од профилот на ризичноста на Фондот при што вредноста на инвестициското портфолио е еднаква на производот од референтната вредност на уделот и бројот на удели . Волатилноста на отворениот инвестициски фонд, односно стандардната девијација се пресметува врз основа на историските податоци за приносот на фондот во последните 5 години (историските податоци не се сигурен показател за идниот профил на ризичноста на фондот. Прикажаните категории на ризичноста и успешноста на фондот не се загарантирани).

**Показатели на ризик**

← Понизок ризик — Повисок ризик →

| 1 | 2 | 3 | **4** | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|

Индикаторот за ризик се заснова на претпоставката дека производот ќе биде со траење од 20 години. Вистинскиот ризик може значително да варира од случај до случај на предвремено плаќање и повратот може да биде помал.

Со состојба на 31.12.2023 година о.и.ф. КБ Публикум – Балансиран се наоѓа во категоријата 4, што упатува на умерено ниво на ризик и е во согласност со долгорочната стратегија на фондот.
Осигурувањето се договара во евра, додека уплатата на премијата и исплатата на осигурената сума се исплаќаат во денари по среден курс на НБРМ на денот на уплата, односно исплата. Можно е да се случуваат промени како резултат на флуктуации на девизните курсеви.
Приносите се пресметани во домашна валута. Цената на уделот е прикажан на нето основа, по пресметка на сите трошоци и надоместоци. Податоците за остварената добивка во % се прикажани за цела календарска година. Приносот во минатото има информативен карактер и не претставува индикација за можниот принос во иднина.

**Приноси на о.и.ф. КБ Публикум – Балансиран**

| Просечен месечен принос (податок од информативен карактер кој не претставува проекција на можниот принос на фондот во иднина) | | | |
|---|---|---|---|
| | Последни 12 месеци | Последни 24 месеци | Последни 5 години |
| Просечен месечен принос | 0,9971% | 0,6083% | 0,4295% |

Детални информации во врска со о.и.ф. КБ Публикум Балансиран, се наведени во Проспектот и Документот со клучни информации за инвеститорот кои се објавени на интернет страницата на Друштвото www.kbpublikum.com.mk.
- **Бидете свесни** за следните ризици: **Валутен ризик** кој се јавува при промена на цената на една валута во однос на друга; **Пазарен ризик** кој зависи од движењето на пазарните цени на хартиите од вредност; **Кредитен ризик** – веројатност дека издавачот на одредена хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги намири своите обврски во моментот кога тие ќе достасаат; **Каматен ризик** - промената на каматните стапки може позитивно или негативно да се одрази на вредноста на вложените средства; **Ликвидносен ризик** – веројатност дека во одреден момент ќе има тешкотии при изнаоѓањето на средства за Фондот да ги намири обврските поврзани со повлекувањето на уделите од Фондот како резултат на неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност; **Политички ризик** – веројатност од евентуални политички кризи во РСМ или во странство, кои може да доведат до промена на имотот на Фондот и/или Друштвото; **Ризик од промена на даночните прописи** – веројатност дека законодавната власт, во РСМ или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно би влијаел на приносот на Фондот/или Друштвото; **Оперативен ризик** -ги сумира сите неизвесности кои се составен дел од секојдневните деловни активности на Фондот/или Друштвото и **Ризик од инфлација** - зголемување на општото ниво на цените во определен период поради што може да дојде до намалување на реалната добивка којашто ја остварил Фондот и/или Друштвото.

Со вложување во овој вид осигурување можат да се претрпат значителни загуби. Овој производ не вклучува заштита од идни движења на пазарот и во текот на периодот на вложувањето негативните пазарни трендови можат привремено да ја намалат вредноста на уделите, односно вредноста на уделите може да биде пониска во однос на почетната вредност на уделите, така што може да изгубите дел или целата инвестиција. Ефектот на ризикот кај осигурителниот производ може да биде значително повисок доколку не е чуван до достасување, односно до препорачаниот период за чување, таму каде што е можно. Што се однесува до даноците, на денот на изготвување на овој документ приходите од осигурување (а тоа е разликата помеѓу уплатените премии и исплатената осигурана сума) подлежат на Данок на личен доход со стапка од 10%, како што е подетално објаснето во Законот за данок на личен доход.

## IV. КОИ СЕ ПОСЛЕДИЦИТЕ ВО СЛУЧАЈ ДРУШТВОТО ДА НЕ МОЖЕ ДА ИЗВРШИ ИСПЛАТА?

Во случај на ликвидација или стечај на Осигурителот, на имотот кој припаѓа на посебната резерва за исплата на надоместоци за осигурување кои се директно поврзани со удели не може да се спроведе извршување ниту тие средства влегуваат во стечајната или ликвидациска маса на осигурителот. Во случај на стечај на осигурителот, договорот за осигурување престанува по истекот на 30 дена од отварање на стечајот.
Во случај да дојде до припојување или ликвидација на отворениот инвестициски фонд каде се вложува премијата за вложување, на договорувачот му се дава следниот избор: да премине во друг фонд кај истото ДУИФ или да премине во друг фонд кај друго ДУИФ, за што договорувачот треба да се произнесе во рок од 15 дена. Сите трошоци поврзани со прифаќање на понудената алтернатива се на товар на Осигурувачот. Доколку договорувачот не ја прифати можноста за премин во друг фонд, друштвото за осигурување ќе смета дека настанува прекин на осигурувањето и на договорувачот ќе му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио без наплата на какви било излезни трошоци и ќе му го врати неискористениот дел од премијата за осигурување. За загубите кои настанале како резултат на работењето на ДУИФ, ризикот го сноси договорувачот. Инвестицијата не е заштитена делумно или целосно со гарантен фонд и нема заштита доколку ДУИФ не е во состојба да ја исплати.

PRVA

КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД СКОПЈЕ

## V. КОИ И КОЛКАВИ СЕ ТРОШОЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРОИЗВОДОТ?

Вкупните трошоци ги опфаќаат трошоците за осигурување, административните трошоци и трошоците за администрирање на инвестициското портфолио. Трошоците за осигурување варираат за секоја полиса и зависат од премијата и возраста на осигуреникот. Трошоците се веќе вклучени во премијата што ја плаќате.

| Расчленување на трошоци | | | |
|---|---|---|---|
| **Еднократни трошоци** | **Влезни трошоци** | еднократно плаќање: 6 % од бруто премија<br>повеќекратно плаќање на премијата: 3,575% во прва година<br>0,975% во втора, трета и четврта година<br>од бруто премија за фиксен период на траење 25 години, а за осигуреници постари од 45 години периодот до нивниот 70-ти роденден<br>и 2% од секоја бруто премија<br>2% при дополнителна уплата на премија | Ефектот на трошоците што ги плаќате при склучување на осигурувањето. |
| | **Излезни трошоци** | Не се вклучени во производот | Ефектот на трошоците што ги плаќате при престанок на осигурувањето после крајниот рок на покритие. |
| **Повторувачки трошоци** | **Трансакциски трошоци на инвестициско портфолио** | Не се вклучени во производот | Ефект на трошоците за купување и продажба на уделите на отворените инвестициски фондови |
| | **Останати повторувачки трошоци** | 1 евро месечно и<br>0,016667% од вредноста на инвестициското портфолио месечно | Ефект на трошоците што се наплатуваат секоја година за управување со вашите инвестиции и други трошоци. Ова ги вклучува давачките за управување и другите административни трошоци |
| **Повремени и не предвидени трошоци** | **Надоместоци за успешност** | Не се вклучени во производот | Ефект на трошоците што се наплатуваат доколку приносот ја надмине референтната вредност. |
| | **Учество во добивка** | Не се вклучени во производот | Ефект на трошоците што се наплатуваат доколку вложувањето ја надмине референтната вредност |

## VI. ОПЦИИ ЗА ПРЕДВРЕМЕНО ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ПОСЛЕДИЦИ

Инвестициската стратегија на Фондот и изборот на финансиски инструменти сугерира вложување на среден рок, односно овој фонд не е подобен за инвеститори кои планираат да ги повлечат своите средства во период пократок од 2 години. Препорачан период пред истек на осигурувањето е не пократко од 15 (петнаесет) години. Препорачаниот период на траење обезбедува долгорочно остварување на инвестициската цел. Во случај на откуп на осигурувањето, откупната вредност на полисата одговара на вредноста на референтниот број удели на петиот работен ден од денот кога е поднесено барањето за откупот. Договорувачот може да побара раскинување на осигурувањето, односно откуп со исплата на вредноста на инвестициското портфолио (i) по поминати 3 (три) години и платени премии за истиот период од почетокот на осигурувањето во случај на повеќекратна уплата на премија или (ii) по помината 1 (една) година од почетокот на осигурувањето за случај на еднократна уплата на премија. Вредноста на инвестициското портфолио се определува со множење на бројот на удели во инвестициското порфтолио на осигуреникот со цената на еден удел. Откупната вредност на полисата, особено во првите години од времетраењето на осигурувањето,е значително помала од збирот на платените премии. Не се наплаќаат излезни трошоци. Инвестицијата не е заштитена делумно или целосно со гарантен фонд.

## VII. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИГОВОРИ И ПРЕТСТАВКИ

Претсавка или приговор за производот или за однесување на друштвото или за лицето кое советува за или го продава осигурителниот производ се врши со поднесување на приговор кој може да се достави писмено до друштвото на следната адреса: ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.6 кат 2, 1000 Скопје, Р.С.Македонија или по електронска пошта на info@prvazivot.mk, интернет страна: www.prvazivot.mk.
Доколку не сте задоволни од одговорот по приговорот или друштвото не ве извести во рок од 30 дена, тогаш имате право да поднесете претставка до Агенција за супервизија на осигурување на адреса: ул.Македонија бр.25, 1000 Скопје, Палата „Лазар Поп Трајков", кат 5, 1000 Скопје, Тел: +389 (0)2 3254050, или по електронска пошта на: pretstavki@aso.mk , интернет страна: www.aso.mk.

## VIII. ОСТАНАТИ РЕЛЕВАНТНИ ИНФОРМАЦИИ

Повеќе информации отколку оние наведени во овој Документ со клучни информации за производот, се содржани во понудата која ви е доставена, Општи услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик со осигурување за случај на смрт ПРВА инвестиција (условите може да се најдат на интернет страна: www.prvazivot.mk), Проспект на Фондовите, последниот ревидиран годишен извештај, полугодишниот извештај на Фондовите и цените на уделите на Фондот се достапни на интернет страницата на Друштвото за управување со инвестициски фондови (www.kbpublikum.com.mk).
Сите наведени документи можете да ги добиете на телефонскиот број +389 23122980, или по електронска пошта на info@prvazivot.mk.
Согласно Закон за супервизија на осигурување осигурителот е должен да ви ги предаде сите наведени документи пред склучување на договорот за осигурување.
Осигурителот ќе му достави на договорувачот на осигурувањето годишен извештај за склучениот договор за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови најдоцна во рок од 30 дена од завршување на деловната година.
Согласно одредбите од Законот за супервизија на осигурување со својот потпис потврдувате дека сте го добиле, прочитале и разбрале овој Документ со клучни информации за производот кој ви ги доставува друштвото пред да го склучите договорот за осигурување, како и дека сте информирани во врска со деталите за осигурувањето ПРВА инвестиција, како и за содржината на Статутот и Проспектот на отворениот инвестициски фонд КБ Публикум – Балансиран управуван од КБ Публикум инвест АД Скопје и дека во целост ги разбирате карактеристиките на осигурителниот производ, придобивките и ризикот од инвестирањето во уделите на отворениот инвестициски фонд КБ Публикум – Балансиран управуван од КБ Публикум инвест АД Скопје.
Датум на кој овој документ почнува да се применува и важи: 11.04.2024 година.
Документот го прочитав и разбрав: Датум,

____________________________ ______________

Име и презиме / потпис